**Проф. д-р Александра Груевска Дракулевски**[1]
**Проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова**[2]

# КРИВИЧНОПРАВНА ЗАШТИТА НА СЛУЖБЕНИ И ДРУГИ ЛИЦА ШТО ВРШАТ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА

**1.01 Изворна научна статија**
**УДК 343.34(497.7)**
**343.241:343.34(497.7)**

**Апстракт**

*Во трудот, авторките се осврнуваат на кривичноправната заштита на службените лица што вршат работи на безбедноста штитејќи нè сите нас како граѓани од повреда на основните човекови слободи и права.*

*Во теоријата, но и во практиката речиси секогаш се зборува за одговорност на полициските службеници и другите службени лица, а многу малку се дебатира за нивната кривичноправна и прекршочна заштита. Но, во својата работа, службените лица честопати се изложени на напади при вршењето на своите професионални должности. Оттука, во трудот, авторките се осврнуваат на делата од Кривичниот законик на РСМ (КЗМ) што предвидуваат санкционирање на лицата што спречуваат службени лица во вршењето на своите должности, како и нивен напад при вршењето работи на безбедноста. Посебно се осврнуваат на кривичноправната заштита на службените лица, односно на кривичните дела: Спречување службено лице во вршење службено дејствие (член 382), Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (член 383) и Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (член 384), како и на судската казнена политика во врска со овие дела.*

*Авторките заклучуваат дека се потребни дополнителни анализи на политиката на казнување и одмерувањето на казната за делата од чл. 382 и 383 од КЗМ, врз основа на што ќе произлезат евентуални дополнителни предлози за законски измени во насока на поострување на казните предвидени за овие дела, но и поострување на релативно благата казнена политика на судовите. Ова би било во насока на превенција и намалување на бројот на сторени кривични дела спрема службени лица.*

**Клучни зборови:** службени лица, кривичноправна заштита, МВР, АНБ, АР, УФП

[1] Редовна професорка, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Институт за казнено право, Катедра за криминологија и пенологија. Е-пошта: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk, aleksandra_gruevskadrakulevski@yahoo.com. (http://www.pf.ukim.edu.mk/gruevska-drakulevski-dr-aleksandra/).

[2] Редовна професорка, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Институт за казнено право, Катедра за казнено право. Е-пошта: a.deanoskatrendafilova@pf.ukim.edu.mk, aleksandra_deanoska@yahoo.com.

**Вовед**

Службените лица вработени во Министерството за внатрешни работи (МВР), Агенцијата за разузнавање (АР), Агенцијата за национална безбедност (АНБ), Управата за финансиска полиција (УФП) и сл., преку извршувањето на секојдневните задачи придонесуваат за откривање криминални случаи и придонесуваат за спречување низа облици на криминал и девијантни однесувања, вклучително и облиците на организиран криминал, корупцијата и најсериозните закани, како што е тероризмот. Со други зборови, тие нѐ штитат од повреда на основните човекови слободи и права.

Во теоријата, но и во практиката речиси секогаш се зборува за одговорност на полициските службеници и другите службени лица, а многу малку се дебатира за нивна кривичноправна и прекршочна заштита.

Согласно членот 1 од Кодексот на однесување за службени лица за спроведување на законот,[3] усвоен со Резолуција 34/169 на Генералното собрание од 17 декември 1979 година, „...Службените лица за спроведување на законот во секое време ја исполнуваат должноста што им е наметната со закон, служејќи ѝ на заедницата и штитејќи ги сите лица“. Од службените лица се бара: етичко и законско однесување; почитување на стандардите за човекови права; почитување на достоинството на човечката личност; тие во секое време треба да го почитуваат законот; да ја исполнуваат должноста што им е наметната со закон, служејќи ѝ на заедницата и да ги заштитуваат сите лица од незаконски дејствија во согласност со високиот степен на одговорност што го бара нивната професија; не смеат да вршат дела на корупција; ригорозно треба да се спротивстават и да се борат против сите такви дела; да го почитуваат и да го штитат човечкото достоинство и да ги одржуваат и да ги поддржуваат човековите права на сите лица; да пријават прекршување на оние закони, кодекси и групи на принципи што ги штитат и ги промовираат човековите права; сите полициски дејствија треба да ги почитуваат принципите на законитост, неопходност, недискриминација, пропорционалност и хуманост.

Кривичната одговорност на службените лица *stricto sensu* е предвидена во глава триесетта – Кривични дела против службената должност, но имајќи предвид дека и низа други дела може да бидат извршени од службени лица, т.н. неправи службени кривични дела, се среќаваат и во одредби од други глави од Кривичниот законик.

Но, во својата работа, службените лица честопати се изложени на напади при вршење на своите професионални должности. Оттука, во трудот се осврнуваме на делата од Кривичниот законик на РСМ (КЗМ)[4], кои предвидуваат санкционирање на лицата што

---

[3] Code of Conduct for Law Enforcement Officials, https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/code-conduct-law-enforcement-officials (Пристапено на: 25.20.2022).

[4] Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018).

спречуваат службени лица во вршењето на своите должности, како и нивен напад при вршење работи на безбедноста. Посебно се осврнуваме на кривичноправната заштита на службените лица, односно на кривичните дела: Спречување службено лице во вршење службено дејствие (член 382), Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (член 383) и Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (член 384), како и на судската казнена политика во врска со овие дела.

## 1. Кривичноправна заштита на службените лица

Во главата триесет и три од КЗМ со наслов „Кривични дела против јавниот ред" се систематизирани (меѓу другите) и кривичните дела: Спречување службено лице во вршење службено дејствие (член 382), Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (член 383) и Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (член 384).

Делата од оваа глава на КЗМ (а особено наведените) како посебна целина претставуваат, пред сѐ, дела насочени против остварувањето на службената должност и овластувања на службените лица во вршењето службени дејствија.[5]

Објект на заштита е службената должност и нејзиното непречено вршење. Според ова, овие дела се блиски до делата против службената должност, при што тука се инкриминирани нападите од надвор, а кај делата против службената должност најчесто самите службени лица се тие што ја напаѓаат оваа сфера на заштита.

Во членот 122 став 4 е дадена дефиницијата на службено лице.[6]

Според внатрешната систематика на делата од оваа глава, споменатите три инкриминации, Спречување службено лице во вршење службено дејствие (член 382) и Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (член 383) и Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (член 384), спаѓаат во

---

[5] Камбовски, В., Тупанчески, Н., Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011, стр. 544.

[6] Член 122 (4): Како службено лице, кога тоа е означено како сторител на кривично дело се смета: а) претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други претставници на Република Македонија во странство и именувани лица од претседателот на Република Македонија, избран или именуван функционер во и од Собранието на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во единиците на локалната самоуправа, како и лица што постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организации; б) државен службеник што врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и управни работи во согласност со Уставот и со закон, в) овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања, како и овластено лице за застапување здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот, г) лице што врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со закон или со други прописи донесени врз основа на закон, д) воено лице кога се во прашање кривични дела кај кои како извршител е означено службено лице и ѓ) претставник на странска држава или на меѓународна организација во Република Македонија.

подгрупата кривични дела против дејноста на службени лица во вршењето службени дејствија.[7]

Казненоправната заштита на службените лица не се огледа само преку инкриминациите од членовите 382, 383 и 384, туку и преку инкриминации од други глави, како што е, на пример, делото од чл. 364 од КЗМ – Непријавување кривично дело или сторител, на што ќе се осврнеме подолу во текстот.

*1.1 Спречување службено лице во вршење службено дејствие (член 382)*

Дејствие на извршување на кривичното дело Спречување службено лице во вршење службено дејствие (член 382)[8] е спречувањето службено лице со присилба, која треба секогаш да биде активно дејствие; за казненоправната теорија е јасно дека делото не може да биде извршено со пасивен отпор (неотворање просторија и слично, на пример). Силата или заканата како облици на присилбата треба да бидат насочени директно против службеното лице што го презема службеното дејствие или кон други лица што се дел од конкретното службено дејствие.[9]

Објект на дејствието е службено лице во вршењето службено дејствие, преземено во рамките на неговите службени овластувања.

Не постои казнено дело ако службеното лице се спречува во вршењето службено дејствие што е надвор од неговите овластувања.

Во поглед на законитоста на преземеното службено дејствие, иако постојат различни мислења во теоријата, се смета дека како услов за постоење на делото, доволно е службеното лице да биде формално овластено на преземање дејствија од таков вид, а не се бара конкретното дејствие да биде во целосна смисла законито; така, на пример, спроведувањето во притвор на едно лице (кое *de facto* е невино, но тоа допрва треба да се докаже во кривичната постапка) не му дава право на лицето што се притвора да го спречи во тоа службеното лице што врз основа на судска одлука го лишува од слобода.

---

[7] Камбовски, В., Тупанчески, Н., Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011, стр. 543.

[8] *Спречување службено лице во вршење службено дејствие*
*Член 382*
*(1) Тој што со сила или сериозна закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото ќе спречи службено лице во вршење службено дејствие или ќе го присили на вршење службено дејствие, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.*
*(2) Ако при извршувањето на делото од став 1 сторителот го навредил или малтретирал службеното лице или му задал телесни повреди или му се заканува со употреба на оружје, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.*
*(3) Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори спрема службено лице или лице што помага при вршењето работи на јавната безбедност или на заштита на уставниот поредок на Република Македонија што се однесуваат на спречување или откривање кривично дело, фаќање сторител на кривично дело, чување на јавниот ред и мир или чување лице лишено од слобода, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*
*(4) За обид на делото од ставовите 1 и 2 се казнува.*
*(5) Ако сторителот на делото од ставовите 1, 2 и 3 бил предизвикан со незаконито или грубо постапување на службеното лице или лицето што помага, може да се ослободи од казна. Објект на заштита е непречено извршување на службените дејствија како битна составна компонента на остварувањето на службените и други јавни функции и овластувања.*

[9] Камбовски, В., Тупанчески, Н., Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011, стр. 544.

Вториот облик на основното дело се состои во присилување на службеното лице на вршење службено дејствие. Службеното дејствие треба да влегува во рамките на службените овластувања на жртвата. За разлика од првиот облик на делото – претходно елабориран, овде не постојат дилеми дали постои законитост или незаконитост на службеното дејствие, затоа што секое дејствие извршено под присилба претставува незаконито дејствие.[10]

Инкриминацијата опфаќа и потешки облици на делото. Така, елементите на навреда или малтретирање на службеното лице, нанесување телесна повреда или закана за употреба на оружје, на делото му даваат квалифициран облик. Законодавецот притоа предвидел потешка казна со определување посебен законски минимум (3 месеци) за разлика од основниот облик, каде што ќе се земе предвид општиот законски минимум (30 дена). Максималната казна затвор што може да се изрече и за основниот облик и за квалификуваните е иста – три години.

Посебен облик на делото претставува ситуацијата кога тоа е сторено спрема службено лице или друго лице при вршењето работи на јавната или државната безбедност или на заштита на уставниот поредок на Република Македонија поврзани со спречување на криминалот, чување на јавниот ред или чување лице лишено од слобода (лица од специфични безбедносни сектори). Овде кругот на пасивни субјекти на делото е проширен и не ги опфаќа само службените лица, туку и други лица што им помагаат на службените лица при вршење на претходно наведените работи.[11]

Во рамките на одредбата од членот 382, во ставот 4 е предвидена факултативна основа за ослободување од казна во случај кога сторителот бил предизвикан со грубо или незаконито постапување на пасивниот субјект, односно законодавецот тука го уважува придонесот на жртвата во казненото дело со привилегирачки однос кон сторителот – можност за ослободување од казна.

### *1.2 Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (член 383)*

Кај кривичното дело Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (член 383)[12], објектот на заштита се однесува на специфични функции и должности во сферата на јавната или државната безбедност.

---

[10] Камбовски, В., Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Скопје 2015, стр. 1212.

[11] Камбовски, В., Тупанчески, Н., Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011, стр. 547.

[12] *Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста*
*Член 383*
*(1) Тој што ќе нападне или сериозно се заканува дека ќе нападне службено лице или лице што помага при вршење работи на јавната безбедност или заштита на уставниот поредок на Република Македонија што се однесуваат на спречување или откривање кривично дело, фаќање сторител на кривично дело, чување на јавниот ред и мир или чување лице лишено од слобода, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.*
*(2) Ако при извршувањето на делото од став 1, сторителот се заканува со употреба на оружје или друго опасно орудие, го малтретира или го навредува службеното лице или лицето што помага или телесно го повреди, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*

Ако направиме споредба со претходното дело (делото од членот 382), тука делото се состои во самиот напад врз овие лица, кој значи загрозување, попречување или отежнување на нивната заштитна функција. Неправото кај ова дело се состои и во тоа што истовремено претставува напад и врз добрата и интересите, кои лицата што се пасивни субјекти ги заштитуваат во вршењето на својата должност.

Оваа одредба има супсидијарен карактер, што значи дека ако нападот има карактер на спречување или присилување по однос на конкретно определено службено дејствие, тој ќе се квалификува како посебниот облик на претходното дело – член 382 ст. 3.[13]

Елемент на делото е напад што претставува облик на физичко насилство или закана за напад што претставува облик на психичко насилство врз жртвата на делото. Овие елементи – нападот или сериозното заканување со напад се вршат при вршењето на наведените работи на јавната или државната безбедност, односно во време во кое пасивниот субјект ги врши тие должности; со други зборови, треба да се има предвид, ако станува збор за службено лице, дали тоа било „на должност“ и како е тоа уредено со релевантните правни акти, на пример, законските прописи за органите за внатрешни работи итн.[14]

### *1.3 Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (член 384)*

Делото Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (член 384)[15] е поврзано со т.н. „криминалитет на масите“, „феномен на топлата“ и сл. Во случајов, спречувањето или присилбата што се презема кон службеното лице ги врши толпа.

Одговорноста на учесникот во толпата има за претпоставка да не биде утврдено дека лично тој самиот, со свое дејствие, го спречил или го присилил службеното лице, во спротивен случај, за тоа лице има друга правна квалификација. Дејствие на извршување е самото учествување во толпа што со заедничко дејствување го спречува или го присилува службеното лице.

За специфичната одговорност за „криминалитетот на толпата“, односно „масата“, свое објаснување дава академик Камбовски, кој нагласува дека во овој случај не станува збор за објективна одговорност, туку објаснува дека тоа е резултанта на „психосоцијалните механизми на делувањето на поединецот во група, толпа, започнувањето, развивањето и

---

*(3) Ако при извршувањето на делото од став 1 на службеното лице или на лицето што помага му е нанесена тешка телесна повреда, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.*
*(4) Ако сторителот на делото од ставовите 1 и 2 бил предизвикан со незаконито или грубо постапување на службеното лице или лицето што помага, може да се ослободи од казна.*

[13] Камбовски, В., Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Скопје 2015 стр. 1214.

[14] Ibid, стр. 1215.

[15] *Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие*
*Член 384*
*(1) Тој што учествува во толпа што со заедничко дејствување ќе спречи или ќе се обиде да спречи службено лице во вршење на службено дејствие или на ист начин ќе го присили да изврши службено дејствие, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.*
*(2) Водачот на толпата ќе се казни со затвор од една до пет години.*

празнењето на посебниот психолошки набој на толпата што е основа за нејзиниот посебен разурнувачки потенцијал. Поединецот што се наоѓа во толпата, чувствувајќи се анонимен, слободен од социјална контрола, е далеку поподложен на психолошките влијанија што ги вршат другите учесници, на колективното расположение на толпата, што придонесува за ослободување на неговиот агресивен и деструктивен нагон. Поради тоа, сторителот е одговорен поради самото учество во толпата и колективното насилство, затоа што со своите дејствија во рамките на толпата и самиот придонел за подигнување на нејзиното насилничко однесување“.[16]

*1.4 Непријавување кривично дело или сторител (член 364)*

Кривичното дело Непријавување кривично дело или сторител (член 364 КЗ)[17] претставува кривично дело против правосудството, поточно во рамките на внатрешната систематика на делата од оваа глава претставува дело на оневозможување на вршењето на функцијата на правосудството. Делото претставува прав омисивен деликт чие дејствие на извршување се состои во свесно непријавување (пропуштање да се пријави) кривично дело од страна на службено лице, а станува збор за кривични дела за кои гонењето се презема *ex officio,* а за кои може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна.[18]

Релевантна за нашиот предмет на елаборација е одредбата од ставот 2 на членот 364 со која е инкриминирано непријавувањето точно наведени, односно таксативно наброени кривични дела и проширување на извршителскиот круг на сите граѓани. На споменатата листа на кривични дела се и делата од членовите 382 и 383, што значи дека заштитата на службените лица е проширена и со статутирањето на обврската за сите граѓани не само да се воздржуваат од напади врз службените лица и лицата што вршат работи на безбедноста, туку и на обврската да ги пријавуваат ваквите дела.

Непријавувањето на гореспоменатите кривични дела се казнува со парична казна или затвор од една до 3 години, што е споредливо со предвидените казни за основните облици на делата од чл. 382, 383 и 384.

*1.5 Законско одмерување на казните*

---

[16] Види: Камбовски, В., Тупанчески, Н., Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011, стр. 549, а подетално за криминалитетот на масата види во Камбовски, В., Учество на повеќе лица во казненото дело, Скопје, 2001.

[17] *(1) Службено лице што свесно ќе пропушти да пријави кривично дело за кое дознало во вршењето на својата должност, ако за тоа дело според законот може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна, а делото се гони по службена должност, ќе се казни со парична казна или со затвор од една до три години.*
*(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што свесно ќе пропушти да пријави кривично дело од членовите 123, 141, 142, 158, 162, 165, 165-а 186, 187, 188, 215, 216, 231, 232, 236, 237, 238, 258, 259, 268, 269, 273, членовите 305 до 326, 348, 349, членовите 353 до 362, 382, 383, 394, 394-а, 396 и членовите 403 до 422.*
*(3) Нема да се казни за делото од став 1 и став 2 лице на кое сторителот му е брачен другар, крвен сродник во права линија, брат или сестра, посвоител или посвоеник или лице што со сторителот живее во трајна вонбрачна заедница.*

[18] Камбовски, В., Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Скопје 2015, стр. 1173-1174.

Во однос на законски пропишаните казни, за кривичните дела од членовите 382 и 383, кај двете дела за основниот облик предвиден во став 1 од двата члена е предвидена парична казна или затвор до 3 години; за делото од став 2 од чл. 382 е предвидена казна затвор од три месеци до 3 години; исто таква казна е пропишана и за основниот облик на делото од чл. 384, а за став 2 од чл. 383 е пропишана казна затвор од шест месеци до 5 години. Од 6 месеци до 5 години казна затвор е предвидена и за став 3 од чл. 382, а за став 3 од чл. 383 е предвидена казна затвор од 1 до 10 години. За водачот на толпата, во чл. 384, ст. 2 е пропишана казна затвор од 1 до 5 години.

Како што може да се заклучи, наведените кривични дела во својот основен облик законодавецот ги смета за полесни кривични дела, казниви со затвор до 3 години, но сосема оправдано, доколку делото е квалификувано со потешка последица или станува збор за друг квалификуван облик, казнувањето е построго.

Имајќи го предвид фактот дека се среќаваат и случаи кога службени лица во сферата на безбедноста постапуваат неетички, непрофесионално или незаконито или, пак, постапуваат грубо со граѓаните, законодавецот ги предвидел таквите случаи како факултативна основа за ослободување од казна. Со други зборови, судот ќе го прогласи сторителот за виновен, но во поглед на санкционирањето – може да го ослободи од казна.[19]

*1.6 За планираните новели на Кривичниот законик...*

Последните неколку години, Кривичниот законик е предмет на засилена ревизија и планирано е да биде предмет на новелирање. Всушност, започнатите реформи се одвиваат, односно планирано е да се одвиваат во две фази. Со цел исполнување обврски што произлегуваат од ратификувани меѓународни договори, како и со цел усогласување со практиката на Европскиот суд за човекови права и друго. Во таа насока, во јули 2021 година во Собранието на РСМ е доставен Предлог за изменување и дополнување на Кривичниот законик[20] според кој се планирани измени на чл. 382, ст. 3.[21] Согласно предлогот, ќе биде проширен кругот на потенцијални пасивни субјекти на делото на лица што вршат работи од јавен интерес, како што се адвокати, лекари или други здравствени работници, новинари или други медиумски работници и други лица што вршат работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи што лицата ги преземаат во рамките на своите овластувања.

[19] Види Кривичен законик, чл. 382, 383 и 384.
[20] Подетално види на www.sobranie.mk.
[21] Кривичен законик, чл. 382, ст. 3.
*(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член ќе го стори спрема службено лице, адвокат, лекар или друг здравствен работник, новинар или друг медиумски работник или друго лице што врши работи од јавен интерес при вршењето на професионалните задачи или во врска со вршењето на професионалните задачи што ги презема во рамките на своите овластувања или лице што помага при вршењето работи на јавната безбедност или на заштита на уставниот поредок на Република Северна Македонија што се однесуваат на спречување или откривање кривично дело, фаќање сторител на кривично дело, чување на јавниот ред и мир или чување лице лишено од слобода, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.*

Други суштински измени на членовите 382, 383 и 384 не се предвидени ниту во парцијалните измени, ниту во нацртот на новиот Кривичен законик што е објавен на веб-страницата на Електронскиот национален регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР).[22]

Во поглед на законски пропишаните казни, исто така не се предвидени измени, освен во поглед на одговорноста на водачот на толпата (чл. 384, ст. 2), каде што посебниот законски максимум е планирано да биде зголемен од пет на десет години казна затвор.

## 2. Феноменологија на кривичните дела против јавниот ред

Согласно официјалните податоци од Државниот завод за статистика на РСМ за кривичните дела против јавниот ред за периодот 2017-2021 година, може да се извлечат следниве заклучоци за феноменологијата на овие кривични дела.

Од вкупниот број пријавени лица за кривични дела против јавниот ред во периодот 2017-2021, во просек се пријавени 805 лица. Во просек, 85 лица се пријавени за Спречување службено лице во вршење службено дејствие (член 382), а во просек, 112 лица се пријавени за Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (член 383). Од вкупниот број пријавени, во просек: 38 биле жени за кривични дела против јавниот ред, од кои четири жени за кривичното дело според членот 382, а седум жени за кривичното дело според членот 383.

Во анализираниот период биле отфрлени, во просек, 218 пријави за кривични дела против јавниот ред, 24 пријави за кривичното дело според членот 382; 11 пријави за кривичното дело според членот 383. Може да се забележи релативно висок просек на отфрлени пријави за кривични дела против јавниот ред воопшто, а посебно за кривичното дело Спречување службено лице во вршење службено дејствие.

Поднесен бил обвинителен предлог, во просек, во: 529 случаи за кривичните дела против јавниот ред; 61 случај за кривичното дело според членот 382; 97 случаи за кривичното дело според членот 383.

Податоците се сумирани во Табела 1.

**Табела 1.** Пријавени полнолетни лица според кривичното дело, видот на одлуката и полот

| | Кривични дела против јавниот ред-вкупно | | | | | | ...Спречување службено лице во вршење службено дејствие | | | | | | ...Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Просек | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Просек | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Просек |
| **Вкупно** | 656 | 785 | 915 | 793 | 874 | 805 | 55 | 91 | 91 | 95 | 94 | 85 | 85 | 100 | 122 | 97 | 155 | 112 |
| **Жени** | 25 | 34 | 48 | 32 | 52 | 38 | 2 | 2 | 7 | 4 | 5 | 4 | 5 | 10 | 7 | 5 | 9 | 7 |

[22] www.ener.gov.mk.

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Отфрлена пријава** | 135 | 242 | 266 | 221 | 227 | 218 | 8 | 41 | 30 | 23 | 16 | 24 | 11 | 8 | 11 | 6 | 21 | 11 |
| **Поднесен обвинителен предлог** | 415 | 494 | 608 | 524 | 605 | 529 | 47 | 50 | 60 | 72 | 78 | 61 | 72 | 86 | 108 | 90 | 131 | 97 |

Извор: Државен завод за статистика

Во анализираниот период (2017-2021), во просек, биле обвинети вкупно: 486 лица за кривични дела против јавниот ред, 67 лице за членот 382, 73 лица за членот 383.

Во најголем број случаи е донесена осудителна пресуда, потоа пресуди врз основа на признание на вина, пресуди за издавање казнен налог, пресуди врз основа на предлог-спогодба, одбивателни пресуди, ослободителни пресуди, запрени постапки и мерки на безбедност.

Податоците се презентирани во Табела 2 и Табела 3.

**Табела 2.** Обвинети полнолетни лица според кривичното дело и полот според години

| | **Вкупно обвинети лица** | | | **Обвинети лица – жени** | | | **Обвинети лица – мажи** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кривични дела против јавниот ред | Спречување службено лице во вршење службено дејствие | Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | Кривични дела против јавниот ред | Спречување службено лице во вршење службено дејствие | Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | Кривични дела против јавниот ред | Спречување службено лице во вршење службено дејствие | Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста |
| **2017** | 458 | 67 | 73 | 21 | 3 | 4 | 437 | 64 | 69 |
| **2018** | 548 | 65 | 64 | 25 | 3 | 5 | 523 | 62 | 59 |
| **2019** | 447 | 55 | 65 | 14 | 4 | 3 | 433 | 51 | 62 |
| **2020** | 417 | 63 | 61 | 24 | 4 | 7 | 393 | 59 | 54 |
| **2021** | 558 | 86 | 102 | 37 | 4 | 7 | 521 | 82 | 95 |
| **Просек** | 486 | 67 | 73 | 24 | 4 | 5 | 461 | 64 | 68 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 3.** Вид на одлуки по поднесените обвиненија

| | **Кривични дела против јавниот ред** | | | | | **...Спречување службено лице во вршење службено дејствие** | | | | | **...Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** |
| **Вкупно обвинети** | 458 | 548 | 447 | 417 | 558 | 67 | 65 | 55 | 63 | 86 | 73 | 64 | 65 | 61 | 102 |
| **Осудителна пресуда** | 401 | 316 | 264 | 234 | - | 63 | 36 | 32 | 35 | - | 69 | 46 | 42 | 45 | - |
| **Пресуда врз основа на предлог-спогодба** | - | 14 | 33 | 21 | 27 | - | 2 | 1 | 1 | - | - | - | 2 | - | 3 |
| **Пресуда за издавање казнен налог** | - | 53 | 30 | 30 | 276 | - | 11 | 13 | 10 | 62 | - | 6 | 6 | 5 | 41 |
| **Пресуда врз основа на** | - | 100 | 91 | 100 | 180 | - | 15 | 7 | 14 | 18 | - | 11 | 13 | 11 | 45 |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **признание на вина** | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Запрена постапка** | 14 | 14 | 6 | 8 | 20 | - | - | - | 2 | 1 | - | - | 1 | - | 7 |
| **Ослободителна пресуда** | 16 | 17 | 17 | 13 | 32 | - | - | 2 | 1 | 1 | - | 1 | 1 | - | 1 |
| **Одбивателна пресуда** | 19 | 32 | 6 | 11 | 14 | 4 | 1 | - | - | 3 | - | - | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика

## 3. Казнена политика на судовите во однос на кривичните дела против јавниот ред

Што се однесува до казнената политика на судовите во однос на кривичните дела против јавниот ред, а посебно за делата Спречување службено лице и Напад врз службено лице, може да се изведат следниве заклучоци: Во анализираниот период (2017-2021), во просек, вкупно се осудени: 436 лица за кривични дела против јавниот ред, 64 лица за чл. 382, а 70 лица за чл. 383.

Казна им е изречена, во просек, на: 150 лица за кривични дела против јавниот ред, 23 лица за чл. 382, а 26 лица за чл. 383.

Од вкупниот број изречени казни, најголем број се изречени: казни затвор до 6 месеци и казни затвор од 6 месеци до 1 година, како и парични казни во износ 10.001 до 30.000 денари и над 30.001 денар.

Алтернативна мерка им е изречена, во просек, на: 283 лица за кривични дела против јавниот ред, 41 лице за чл. 382, а 43 лица за чл. 383.

Од вкупниот број изречени алтернативни, најголем број се изречени условни осуди на казна затвор (над 90 %), а незначителен број условни осуди на парична казна и судска опомена.

Податоците за казнената политика на судовите за кривичните дела против јавниот ред се сумирани во Табелите 4, 5, 6 и 7.

**Табела 4.** Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело и видот на изречената санкција според години

| | **Вкупно осудени лица** | | | **Казни – вкупно** | | | **Алтернативни мерки – вкупно** | | | **Прогласен виновен – ослободен од казна** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кривични дела против јавниот ред | Спречување службено лице во вршење службено дејствие | Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | Кривични дела против јавниот ред | Спречување службено лице во вршење службено дејствие | Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | Кривични дела против јавниот ред | Спречување службено лице во вршење службено дејствие | Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | Кривични дела против јавниот ред | Спречување службено лице во вршење службено дејствие | .Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста |
| **2017** | 401 | 63 | 69 | 130 | 24 | 20 | 271 | 39 | 49 | - | - | - |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2018** | 483 | 64 | 63 | 170 | 23 | 20 | 313 | 41 | 43 | - | - | - |
| **2019** | 418 | 53 | 63 | 183 | 25 | 32 | 235 | 28 | 31 | - | - | - |
| **2020** | 385 | 60 | 61 | 129 | 23 | 25 | 253 | 36 | 34 | 3 | 1 | 2 |
| **2021** | 492 | 81 | 94 | 138 | 21 | 31 | 345 | 59 | 58 | - | - | - |
| **Просек** | 436 | 64 | 70 | 150 | 23 | 26 | 283 | 41 | 43 | 3 | 1 | 2 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 5.** Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело и изречената главна казна – затвор според години

| | **Кривични дела против јавниот ред** | | | | | **...Спречување службено лице во вршење службено дејствие** | | | | | **...Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| **Вкупно затвор** | 90 | 124 | 147 | 85 | 99 | 13 | 12 | 20 | 8 | 14 | 9 | 16 | 28 | 17 | 25 |
| **Затвор 5-10 години** | 5 | 1 | 2 | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Затвор 3-5 години** | 4 | 9 | 2 | 6 | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Затвор 2-3 години** | 12 | 7 | 8 | 7 | 6 | 1 | - | - | 1 | - | - | - | - | - | - |
| **Затвор 1-2 години** | 16 | 19 | 22 | 11 | 8 | - | - | 1 | - | - | 3 | 1 | 2 | 2 | 1 |
| **Затвор од 6 месеци до 1 година** | 28 | 46 | 35 | 23 | 29 | 2 | 4 | 6 | - | 3 | 4 | 5 | 11 | 5 | 7 |
| **Затвор до 6 месеци** | 24 | 42 | 67 | 36 | 50 | 10 | 8 | 13 | 7 | 11 | 2 | 10 | 15 | 10 | 17 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 6.** Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело и изречената главна казна – парична казна според години

| | **Кривични дела против јавниот ред** | | | | | **Спречување службено лице во вршење службено дејствие** | | | | | **Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| **Вкупно парична казна** | 36 | 43 | 20 | 41 | 31 | 11 | 11 | 5 | 13 | 7 | 8 | 4 | 4 | 8 | 6 |
| **Парична казна до 5.000 денари** | 1 | 2 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Парична казна од 5.001 до 10.000** | - | - | - | 2 | - | - | - | - | 2 | - | - | - | - | - | - |
| **Парична казна од 10.001 до 30.000** | 13 | 29 | 7 | 31 | 13 | 3 | 7 | 2 | 11 | 2 | 3 | 4 | 2 | 5 | 2 |
| **Парична казна над 30.001 денар** | 22 | 12 | 13 | 8 | 18 | 8 | 4 | 3 | - | 5 | 5 | - | 2 | 3 | 4 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 7.** Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело и видот на изречените алтернативни мерки според години

| | **Алтернативни мерки – вкупно** | | | **Условна осуда затвор** | | | **Условна осуда парична казна** | | | **Судска опомена** | | | **Други алт. мерки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кривични дела против јавниот ред | ...Спречување службено лице во вршење службено дејствие | ...Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | Кривични дела против јавниот ред | ...Спречување службено лице во вршење службено дејствие | ...Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | Кривични дела против јавниот ред | ...Спречување службено лице во вршење службено дејствие | ...Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | Кривични дела против јавниот ред | ...Спречување службено лице во вршење службено дејствие | ...Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста | |
| **2017** | 271 | 39 | 49 | 267 | 39 | 49 | 3 | - | - | 1 | - | - | - |
| **2018** | 313 | 41 | 43 | 299 | 29 | 42 | 2 | - | 1 | 12 | 12 | - | - |
| **2019** | 235 | 28 | 31 | 233 | 27 | 31 | 1 | 1 | - | 1 | - | - | - |
| **2020** | 253 | 36 | 34 | 253 | 36 | 34 | - | - | - | - | - | - | - |
| **2021** | 345 | 59 | 58 | 342 | 59 | 57 | 3 | - | 1 | - | - | - | - |

Извор: Државен завод за статистика

*Може да заклучиме* дека за овие кривични дела, судовите изрекуваат повеќе алтернативни мерки отколку казни, односно се забележува релативно блага казнена политика на судовите во однос на кривичните дела против јавниот ред воопшто, но и во поглед на кривичните дела Спречување службено лице во вршење службено дејствие (член 382) и Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (член 383).

Статистички податоци за делото Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (член 384) не се достапни.

## Наместо заклучок

Вработените во Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за национална безбедност, Агенцијата за разузнавање, Управата за финансиска полиција и други што вршат овластувања во рамките на јавната и националната безбедност како лица што имаат посебни овластувања и одговорност во делот на безбедноста, борбата со сериозните облици на криминал итн., претставуваат службени лица и како такви се предмет на посебна заштита, но и посебна одговорност.

Кривичната одговорност на службените лица главно е сконцентрирана во глава триесет – Кривични дела против службената должност, но и низ други глави каде што се предвидени т.н. неправи службени кривични дела.

Казнено-правната заштита на службените лица главно е предмет на инкриминациите од главата Кривични дела против јавниот ред, поточно инкриминациите Спречување службено лице во вршење службено дејствие (член 382), Напад врз службено лице при

вршење работи на безбедноста (член 383) и Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (член 384) се предмет на уредување на Кривичниот законик.

Службените лица што работат во областа на безбедноста сведочат за многу напади кон нив и различни облици на попречување во исполнувањето на нивните задачи. Сметаат дека санкционирањето на ваквите дела треба да биде построго и во насока на изрекување ефективни, а не условени казни во функција на специјална и генерална превенција на ваквиот криминал.

Анализата на статистичките податоци ја потврдува тезата дека казнената политика е блага, а видно од прикажаните трендови, бројот на осудени лица за горенаведените дела расте. Оттука, се чини дека е оправдано очекувањето за заострено дејствување во делот на политиката на казнување на судовите.

Сепак, потребни се натамошни анализи на политиката на казнување и одмерувањето на казната за делата од чл. 382 и чл. 383 во поширока временска рамка и преку анализа на судски пресуди да се утврдат други релевантни аспекти, врз основа на што ќе произлезат евентуални дополнителни предлози за законски измени во насока на поострување на казните предвидени за овие дела, но и препораки за поострување на релативно благата казнена политика на судовите во насока на поефикасна превенција и намалување на бројот на сторени кривични дела спрема службени лица.

**Користена литература**


- Code of Conduct for Law Enforcement Officials, достапно на: https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/code-conduct-law-enforcement-officials.

- Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018).

- Камбовски, В., Тупанчески, Н., Казнено право – посебен дел, Скопје, 2011.

- Камбовски, В., Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Скопје 2015.

- Камбовски, В., Учество на повеќе лица во казненото дело, Скопје, 2001.

- Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, www.sobranie.mk.

- Нацрт Кривичен законик, www.ener.gov.mk.

- Пријавени, обвинети и осудени, Државен завод за статистика на РСМ.

**Prof. Dr. Aleksandra Gruevska Drakulevski**[23]
**Prof. Dr. Aleksandra Deanoska Trendafilova**[24]

# CRIMINAL-LEGAL PROTECTION OF OFFICIALS AND OTHER PERSONS WORKING IN THE FIELD OF SECURITY

**Abstract**

In the paper, the authors refer to the criminal-legal protection of officials who perform security work, protecting all of us as citizens from violation of basic human freedoms and rights.

In theory, but also in practice, the responsibility of police officers and other officials is almost always discussed, and very little is debated about their criminal-legal and misdemeanour protection. However, in their work, officials are often exposed to attacks while performing their professional duties. Hence, in the paper, the authors refer to the sections of the Criminal Code of Republic of North Macedonia (CCM) that provide sanctioning of persons who prevent officials from performing their duties, as well as assaulting them while performing security work. The authors specifically address the criminal-legal protection of officials, i.e., the crimes: Preventing an official person in performance of an official act (Article 382), Attack upon an official person, when performing security activities (Article 383) and Participation in a crowd, which prevents an official person to perform an official action (Article 384), as well as the court's penal policy in relation to these acts.

The authors conclude that additional analyses of the penal policy and the assessment of the punishment for the offenses under Art. 382 and 383 of the Criminal Code, on the basis of which there will be possible additional proposals for legal changes in the direction of toughening the punishments provided for these crimes, but also toughening the relatively mild punishment policy of the courts. This would be in the direction of prevention and reduction of the number of crimes committed against officials.

**Keywords**: officials, criminal-legal protection, Ministry of Interior, Agency for National Security, The Intelligence Agency, Financial Police Office

---

[23] Full professor, University "Ss. Cyril and Methodius", Faculty of Law "Iustinianus Primus" in Skopje, Institute of Criminal Law, Department of Criminology and Penology. E-mail: a.gruevskadrakulevski@pf.ukim.edu.mk, aleksandra_gruevskadrakulevski@yahoo.com. (http://www.pf.ukim.edu.mk/gruevska-drakulevski-dr-aleksandra/).
[24] Full professor, University "Ss. Cyril and Methodius", Faculty of Law " Iustinianus Primus " in Skopje, Institute of Criminal Law, Department of Criminal Law. E-mail: a.deanoskatrendafilova@pf.ukim.edu.mk, aleksandra_deanoska@yahoo.com.